# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ АЦО ШОПОВ-СКОПЈЕ, БУТЕЛ
## за период од 2022 до 2024 година



Јуни, 2024 година

| | |
|---|---|
| **Самоевалуација на училиштето** | |
| Училиште | Општинско основно училиште Ацо Шопов |
| Адреса | Ул.Радишанска бр.68а |
| Телефон, е-пошта | 02/2673-178<br>aco.sopov@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | март-јуни 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 816 |
| Број на подрачни училишта | нема |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Билјана Симоноска Антовска |
| Потпис | |
| Датум | 28.06.2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Маја Димовска |
| Потпис | |
| Датум | 01.07.2024 |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 1.1 Планирања на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари |

**Собирање податоци**

**Индикатор 1.1 Планирања на наставниците**

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| -годишна програма за работата на училиштето<br><br>-агенди и извештаи од реализираните обуки<br><br>-записници и списоци од состаноци на стручните активи<br><br>-анкети со наставници, ученици и родители/старатели<br><br>-интервјуа со директор, стручни соработници<br><br>-извештаи од стручни соработници за следени планирања | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Наставниците изготвуваат планирања со сите неопходни елементи за успешна реализација на часот за сите предмети, задолжителни и изборни, во согласност со донесените наставни планови и програми од страна на МОН и Националните страндарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование. За ученици со посебни образовни потреби се изготвуваат индивидуални образовни планови во согласност со нивните способности и процена од МКФ.<br>Наставниците своите планирања ги изготвуваат во електронска и печатена форма, а стручната служба ги чува во портфолио. Следењето на квалитетот на планирањата го врши стручната служба и директорот на училиштето. Во рамките на стручните активи, наставниците разменуваат идеи или информации за планирање на наставниот процес. Исто така, се применуваат и укажувањата и насоките од советниците.<br>Од анализата на резултатите добиени од анкетата на наставниот кадар, како и од останатите наведени извори, може да се заклучи дека најголемиот број од наставниците добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Сите наставници се согласуваат дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку два пати во полугодието и најголемиот дел од нив добиваат поддршка од директорот и стручната служба при изготвување на планирањето за нивниот наставен предмет/предмети. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Соработката на ниво на стручни активи и помеѓу активите е на високо ниво. Најголемиот број од наставниците, во рамките на стручните активи, разменуваат искуства за планирањата за часовите, најмалку два пати во полугодието. Ова се заклучува од анализата на резултатите од анкетата на наставниот кадар и останатите наведени извори. Размената на искуствата за планирањата, како и користењето стручни искуства од различни медиуми допринесува за подобрени планирања кај наставниците. |

**Индикатор 1.2 Наставен процес**

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| -анкета со наставници, ученици и родители/старатели<br><br>-годишна програма за работа на училиштето<br><br>-распред на часови | Реализација на наставни планови и програми | Наставата во Училиштето во одделенска настава и предметна настава се реализира редовно и во пропишаниот обем за што потврдуваат и сите анкетирани родители. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување и сл.), наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. |
| | Избор на наставни предмети | Изборот на слободни изборни предмети и активности се во согласност со наставните планови и програми како и со Водичот за слободни изборни предмети за основно образование. Училиштето спроведува прашалник за искажување на интерес на учениците за областа на наставните предмети кои сакаат да ги изучуваат како изборни и врз основа на добиените резултати нуди 12 изборни |

| | | |
|---|---|---|
| -е дневник<br><br>-записници од одделенски совети<br><br>-записници од состаноци на стручни активи<br><br>-концепција за основно образование (МОН/БРО,2020)<br><br>-концепција за инклузивно образование (БРО,2020)<br><br>-прашалник за искажување на интерес за слободни изборни предмети<br><br>-анкетен лист за избор на слободни изборни предмети<br><br>-годишни планирања за слободни изборни предмети.<br><br>-водич за слободни изборни предмети (БРО,2021)<br><br>-изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со ПОП,<br><br>-извештаи од посета на наставни часови<br><br>-решенија за инклузивен тим на училиштето | | предмети. Во предметна настава учениците имаат избор од 3 изборни предмети. Родителите, во зависност од интересите на своето дете, одлучуваат за изборниот предмет.<br>Од спроведените анкети се заклучува дека најголемиот број од учениците сами ги избираат слободните изборни активности и предмети во кои учествуваат, според сопствените интереси, за што потврдуваат и најголемиот број од анкетираните родители. Најголемиот број од нив се согласуваат дека се запознаени со листата на изборни предмети и активности. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Сите наставници ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците, за што потврдуваат и најголемиот број од анкетираните родители. Сите наставници користат различни ресурси за учење и настава, како и приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, со што се согласуваат и најголемиот број од анкетираните ученици. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.<br>За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. |
| | Интеракции меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Преку интеракција меѓу наставниците и учениците, како и меѓу самите ученици успешно се остваруваат поставените наставни цели и задачи. Интеракцијата овозможува добра работна атмосфера во одделението, со што учениците, преку взаемната соработка, стекнуваат нови знаења и искуства. Таа влијае на социјалниот, емотивниот и когнитивниот развој кај учениците и ги поттикнува истите да разменуваат знаења, искуства, чувства и ставови. Интеракцијата меѓу учениците, каде е слушнато и ценето мислењето на секој, им помага на учениците да се здобијат со самодоверба. Улогата на наставникот е да им овозможи на учениците да учествуваат во процеси низ кои ќе стекнат нови знаења, грижливо да го следи нивниот развојот и да им даде пример за добра интеракција, интеракција која се базира на почит и поддршка.<br><br>Врз основа на анализата направена од анкетата на учениците, како и од извештаите од посетите на наставните часови, се заклучува дека учениците, на часовите кај сите наставници, честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив., сите наставници кон учениците се однесуваат со почитување и ги разбираат нивните проблеми и потреби. Од анкетираните родители, најголем број сметаат дека нивното дете може слободно да се изрази за време на часовите. |
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите предмети, согласно законска регулатива. Со учениците со ПОП се реализира настава/вонннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со ПОП. Во рамките на Erasmus + |

| | | |
|---|---|---|
| -записници од состаноци на училишни тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик<br><br>-водич за работа на училишен инклузивен тим(БРО,2018)<br><br>-програма за работа на ПМИО<br><br>- тим за училишна интеграција<br><br>- веб страната на училиштето<br><br>- планирања на наставниците за реализирање ОЖВ работилници<br><br>- годишни и полугодошни извештаи за работата на ПМИО<br><br>-интервју со директор | | проектот „Подобрување на компетенциите на наставниците и инклузивно образование, пет наставника и еден стручен соработник училиштето беа на обука „Посебни потреби и инклузија во образованието“ во Сплит, Хрватска, по што стекнатите знаења и искуства им беа пренесени и на останатите наставници преку неколку дисеминации. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП.<br>Училиштето располага со нагледни средства за учениците со ПОП, но истите треба да бидат обновени и збогатени. Училиштето не располага со асистивна технологија како резултат на фактот што учениците со ПОП во нашето училиште немаат потреба од истата. Наставниците ги оценуваат постигнувањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Пристапот во училиштето е приспособен на овие ученици односно Училиштето располага со влезна рампа, како и со еден тоалет во фискултурната сала. Просторот во ходниците и училниците не е приспособен на учениците со физичка попреченост и во моментот постоечките просторни капацитети се ставаат во функција на овие ученици (паралелката со ученик со физичка попреченост настава остварува на првиот кат од училиштето). Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.<br>Во училиштето има 10 ученици со ПОП, а само двајца од нив имаат образовни асистенти.Од анализата на податоците од анкетираните наставници се заклучува дека најголемиот дел од нив успешно соработуваат со образовните асистенти, со цел најдобар интерес на ученикот. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Училиштето има Тим за училишна интеграција кој има изработен план за следење на активностите на ниво на Училиштето. Секој наставник во своите годишни планирања е задолжен да испланира и реализира најмалку 3 самостојни мултикултурни активности. Училиштето планира и реализира заеднички активности со партнер училиште ,,Панајот Гиновски ’’општина Бутел и минатата учебна година реализираше заеднички МИО активности по добиен грант од МОН. Во 3 -те активности учествуваа по 15 ученици од двете училишта.<br>Од анализата на резултатите од анкетата за наставниците се согледува дека сите наставници реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план. <u>Незначителен број од родителите</u> се согласуваат дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици, што е резултат на фактот дека во нашето училиште наставата се одвива на еден наставен јазик, а не на на два или три наставни јазици каде ова би можело да биде реализирано. <u>Поголем број од учениците</u> се изјасниле дека биле вклучени во активности со ученици од други култури (од нивното или од друго училиште). Во однос на прашалникот за родители се насетува неинформираност за активностите кои не соодвествуваат со доказите кои ги има во Извештаи до МОН , |

| | | |
|---|---|---|
| | | Годишен извештај за работата на ПМИО , веб страната на училиштето , заведени активносто во е дневник како и изложени изработки од учениците во просториите на училиштето. Училиштето на секој повик за грант за МИО активности доставува апликација, за што изминатите години имаме добиено повеќе грандови. Редовно се пополнуваат линковски прашалници ТУИ од МОН И покрај тоа што немаме добиено грант, самостојно со свои средства во нашето училиште оваа година се реализирани работилници. Нашето училиште исто така зема учество на ликовен конкурс за тематски стрип на тема All weare sauing is GIVE INCLUSION A CHANCE ПОДРЖАН од страна на ОБСЕ за публикување на каталог. Учесниците добиа Сертификати за успешно учество. Во законски рамки училиштето доставува квартални, полугодишни и годишни извештаи за МИО. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -анкета со наставници, ученици и родители/старатели<br><br>-разговор со стручна служба<br><br>- увид во евиденцијата на стручните соработници | Средина и атмосфера за учење | Од анализата на добиените резултати на наведените анкети и извори се заклучува дека најголемиот број од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем број од анкетираните родители се согласуваат дека учениците имаат пристап до различни материјали за учење (енциклопедии, списанија, интернет и сл.). Најголемиот број родители и поголем број ученици сметаат дека начинот на кој се учи е интересен, содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. Најголем број ученици се согласуваат дека се поттикнати да поставуваат прашања на наставниците, а поголем дел од нив се изјасниле дека на часовите се активно вклучени во наставата и дека можат самостојно и критички да мислат. Сите наставници и најголем број од анкетираните ученици и родители се согласуваат со тврдењето дека наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на учениците, а не ги искажуваат слабите страни на учениците. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Во текот на наставниот процес преку примена на различни наставни техники и методи како и современа интерактивна техника, наставниците успешно ги препознаваат индивидуалните образовни потреби на учениците со што им овозможуваат полесно совладување на наставниот материјал. Сите наставници се согласуваат дека учениците, во текот на наставата, можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по нивен избор. Во соработка со стручната служба се реализираат активности и работилници за надминување на сите нејаснотии, како кај учениците кои потешко напредуваат така и кај појаките ученици. |

| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -анкети на ученици, родители/старатели и наставници<br><br>-програма за работа на училиштето<br><br>-правилник за оценување и напредување на учениците<br><br>-увид на педагошка евиденција и документација<br><br>-инструменти за оценување<br><br>-примери за оценети ученички трудови<br><br>-записници од стручните активи<br><br>- полугодишен извештај за учебната 2021/22<br><br>- годишен извештај за учебната 2021/22<br><br>- полугодишен извештај за учебната 2022/23<br><br>- годишен извештај за учебната 2022/23<br><br>- полугодишен извештај за учебната 2023/24<br><br>- годишен извештај за | Училишна политика за оценување | Училишната политика за оценување ги дефинира критериумите, методите и процесите за оценување на учениците во училишна средина. Правилно осмислената политика за оценување помага да се обезбеди фер и транспарентен процес на оценување на постигнатиот успех на учениците. Клучни компоненти кои може да ги содржи учебната политика за оценување се мерење на знаењето, следење на напредокот, обезбедување на повратна информација и информирање за одлуките за унапредување.<br>Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето на учениците се врши според критериумите и стандардите за оценување, пропишани од БРО на РСМ. Оценувањето на учениците со посебни образовни потреби се врши според планираните цели во Индивидуалниот образовен план. Со критериумите и стандардите се запознаени и учениците и родителите.<br>Оценувањето на учениците се врши со: формативно оценување (континуран процес на следење, проверување и вреднување на постигањата со што се за обезбедуваат објективни докази за напредок-во што покажуваат добри резултати, а што треба да се подобри) и сумативно оценување (мерење на постигањата на ученикот на крајот на определена наставна целина или на даден временски период-тримесечје, полугодие, крај на учебната година). Резултатите од формативно и сумативно оценување се користат за да се оформи оценка за тековните постигања. Според анализата на наведените анкети, се согледува дека поголем број ученици се согласуваат дека оценувањето на сите ученици е праведно, а најголемиот број од нив сметаат дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена. Сите наставници се согласуваат дека ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја оцена, како и дека им даваат насоки како поуспешно да учат, со што се согласуваат и најголемиот број родители.<br>Учениците се оценуваат бројчано и описно врз основа на усното изразување и резултатите добиени од тестови, контролни задачи, писмени работи и слично. Учениците од I до III се оценуваат описно, од IV до VI се оценуваа описно и бројчано на крајот од учебната година. Учениците од VII до IX се оценуваат само со бројчани оценки во сите класификациони периоди. Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.<br>Од добиените резултати од спроведените анкети и останатите наведени извори се заклучува дека сите наставници применуваат различни начини на оценување на учениците, а најголемиот број од нив редовно ги вклучуваат учениците во |

<table>
<tr><td>учебната 2023/24</td><td></td><td>оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.) Наставниците користат различни начини на проверка на знаењето на учениците (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.), за што потврдуваат и најголемиот број од учениците.</td></tr>
<tr><td></td><td>Коефициент на континуитет на успехот на учениците</td><td>
<table>
<tr><th></th><th>Полугодие</th><th>Крај</th></tr>
<tr><td>2021/22</td><td>4,21</td><td>4,48</td></tr>
<tr><td>2022/23</td><td>4,22</td><td>4,44</td></tr>
<tr><td>2023/24</td><td>4,14</td><td>4,51</td></tr>
<tr><td>вкупно</td><td>4,19</td><td>4,48</td></tr>
</table>
Со ова може да се заклучи дека коефициентот на континуитет на учењето во изминатите три години пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и на крајот на годината е поголем од 0,9 односно изнесува 0,93</td></tr>
<tr><td></td><td>Користење на информациите од оценувањето во наставата</td><td>За постигнатите резултати, секој ученик добива соодветна оценка. Оценката може да е усна или писмена. Формирањето на оценката е јавно и транспарентно.<br>Наставниците со соопштување на оценката, истата ја образложуваат и објаснуваат зошто ученикот ја добил таа оценка. Со оваа констатација се сложуваат учениците – 88.1%, а 21% не се согласуваат. Ова несогласување на учениците сметаме дека е мало и зависи од многу чинители.<br>Наставниците водат грижа за подобрување на успехот кај секој ученик, а тоа го прават така што редовно ги информираат учениците и родителите, посочувајќи им и превземајќи начини за да се подобри успехот и да ги постигнат своите очекувања. Со ова се согласуваат учениците -79,6% .<br>Сите наставници – 100%, се грижат за подобрување на успехот кај учениците . 85% од анкетираните родители и додаваат дека наставниците им даваат и насоки на учениците како подобро да учат.<br>91% од родителите ги користат можностите да разговараат со наставниците за постигањата на своето дете со присуство на родителски средби, приемни денови во училиштето како и на индивидуални средби кај наставниците.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари</td></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Теми по индикатори</th><th>Информации кои се собрани</th></tr>
<tr><td>-годишна програма за работа<br><br>-програми за воннаставни активности</td><td>Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности</td><td>Како појдовна основа за планирање и организирање на воннаставните активности во учебната 2023/2024 год. во нашето училиште беа земени во предвид начелата содржани во Концепцијата за воннаставни активности, согласно член 41 став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), утврдена на 05.03.2020 година со решение број 12-2897/2.<br>Училиштето ги планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| -извештаи од реализирани екскурзии<br><br>-педагошка евиденција и документација<br><br>-дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари<br><br>-анкети/интервјуа со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници<br><br>-збирни анализи од анкети и формирани групи<br><br>-записници од стручни активи и ученичка заедница<br><br>-списоци на ученици вклучени во воннаставни активности<br><br>- интернет-страницата, весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.<br><br>-акциски план за правата на детето<br><br>-извештаи за реализирани натпревари | | одраз на интересите, умеењата, афинитетите и потребите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен развој. Училиштето им овозможува на сите ученици да бидат вклучени во воннаставни активност во зависност од нивните желби, можности, умеења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус. Активот од одделенска настава на почеток од учебната година ги анализираше резултатите од претходната година на што поголем обем на секции од секоја област со што го проширивме и зголемивме изборот според афинитетите на учениците.<br>Анализата на податоците од спроведените анкети потврдува дека најголемиот број од учениците и родителитесе согласуваат дека учениците имаат избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции), а најголемиот број од учениците потврдуваат дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат во различни проекти. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни. Тие се достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Во воннаставните активности се опфатени сите ученици.<br>Секој ученик се пронаоѓа во барем една воннаставна активност која му е интересна и каде може да ги истакне своите способности и вештини при реализација на тековните активности. Преку воннаставни активности и ученичко организирање и во соработка и организација на Црвен Крст и други институции од сличен карактер, во третиот образовен период, се организираат општествено- хуманитарни-собирни акции (финансиска помош за социјално -ранлива категорија на семејства или здравствени проблеми (пари, храна, облека). |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Воннаставните активности кои се нудат во училиштето се изготвени според барањата на Концепцијата и транспарентна процедура, а учениците се вклучуваат во нив по сопствена желба и интереси. Сите наставници планираат воннаставни активности. Изборот на активности е направен според поширок спектар. Во училиштето се реализираат воннаставни активности со флексибилни програми и давање можност за измена на истите.<br>Според податоците добиени од резултатите од наведените анкети може да се заклучи дека учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор, според сопствениот интерес, а за ова потврдуваат најголемиот број од испитаните ученици и родители. Најголемиот број од наставниците и поголемиот број од учениците се согласуваат дека планот за воннаставните активности го изготвуваат заедно со учениците. |
| | Натпревари | Училиштето редовно организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер (ликовни колонии, научни манифестации, смотри, литературни и ликовни конкурси и сл). На натпреварите учествуваат ученици од одделенска и од предметна настава. Поголем број ученици се согласуваат дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат на различни натпревари. Натпреварите придонесуваат кон промовирање на постигањата на учениците и афирмирање на угледот на училиштето. За своите високи резултати учениците јавно се пофалуваат, а на крајот од учебната година се прогласуваат истакнати ученици и ученик на генерација. Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр. интернет-страница, социјални мрежи и сл.), а на крајот од учебната година се прогласуваат истакнати ученици и ученик на генерација. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Планирањата на наставниците се во согласност со донесените наставни планови и програми од МОН и Националните страндарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование. Со сите ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според ИОП. Директорот и стручната служба ги следат планирањата на наставниците најмалку два пати во полугодието и од нив добиваат поддршка при изготвување на планирањето за нивниот наставен предмет. Наставниците добиваат и навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Во рамките на стручните активи, тие разменуваат искуства за планирањето на часовите, најмалку два пати во полугодието. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепцијата за основно образование. Училиштето нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план. Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Наставниците користат различни ресурси за учење и настава, а задачите и активностите ги прилагодуваат на индивидуалните потреби на учениците. Учениците слободно се изразуваат за време на часовите, постои интеракција меѓу нив и наставниците ги разбираат нивните проблеми и потреби. Со учениците со ПОП се реализира настава/вонnаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Во училиштето има 10 ученици со ПОП, а само двајца од нив имаат образовни асистенти. Училиштето располага со нагледни средства за овие ученици, кои треба да бидат обновени и збогатени. Училиштето има Тим за училишна интеграција кој има изработен план за следење на активностите на ниво на Училиштето. Наставниците, во своите планирања, планираат и реализираат најмалку 3 мултикултурни активности, а училиштето планира и реализира заеднички активности со партнер училиштето „Панајот Гиновски“ од општина Бутел. Училиштето е безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Учениците се активно вклучени во наставата, содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето на учениците се врши според критериумите и стандардите за оценување, пропишани од БРО на РСМ. Оценувањето на учениците со посебни образовни потреби се врши според планираните цели во Индивидуалниот образовен план. Со критериумите и стандардите се запознаени и учениците и родителите. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Секој ученик е вклучен во барем една вонnаставна активност која му е интересна |

| |
|---|
| и каде може да ги истакне своите способности и вештини при реализација на тековните активности. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор низ транспарентна процедура. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво. |
| **Силни страни**<br>• Учество на училиштето во Erasmus+ проект со цел подобрување на компетенциите на наставниците на тема Инклузивно образование<br>• Училиштето реализира многубројни МИО активности, во рамките на самото училиште, но и во соработка со партнер училиштето „Панајот Гиновски“<br>• Училиштето има стекнато висок углед во Општината, преку учество во одбележувањето на сите позначајни датуми на Општината, повеќе од 15 во последните две години |
| **Слаби страни**<br>• Во училиштето има образовни асистенти за двајца ученици со ПОП, сепак нема доволно за сите ученици за кои училиштето има добиено препорака<br>• Училиштето е делумно приспособено на учениците со физичка попреченост, односно истото располага со влезна рампа и еден тоалет, но ходниците и училниците не се прилагодени за овие ученици<br>• Училиштето располага со нагледни средства за учениците со ПОП, но потребно е нивно обновување и збогатување |
| **Приоритети**<br>• Обезбедување на образовни асистенти за сите ученици со посебни образовни потреби за кои има препорака<br>• Подобрување на приспособеноста на училиштето за учениците со физичка попреченост.<br>• Обновување и збогатување на нагледните средства кон потребите на учениците, особено на учениците со ПОП |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -годишен извештај<br><br>-анализи од стручни соработници<br><br>-е-дневник<br><br>-интервју со одделенски наставници<br><br>-интервју со педагог<br><br>-годишен извештај за работа на училиштето<br><br>-анкети за наставници, ученици и родители/старатели | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигањата на учениците, пришто ги почитуваат критериумите и стандардите за оценување дадени од страна на Бирото за развој на образованието. Покрај тоа, наставниците имаат изработено свои критериуми за оценување што ги применуваат во наставата. Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки, учениците од IV до VI одд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), а учениците од VII до IX одд. се оценуваат со бројчани оценки. Училиштето располага со детални податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квартални периоди во текот на целата учебната година. На крајот од првото тримесечие и третото тримесечие, педагошко – психолошката служба прави анализи на постигнатиот успех и поведението на учениците. Споредбени анализи за постигнатиот успех се вршат на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, а истите се внесени во Полугодишниот и Годишниот извештај на училиштето. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност. Училиштето во рамките на годишната програма изготвува план за поддршка на учениците за подобрување на резултатите. Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на советодавен разговор или родителите се упатуваат на советување како законска регулатива. Со учениците кои имаат една или повеќе слаби оцени педагогот реализира работилници со цел подобрување на успехот. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Во нашето училиште беа извршени меѓународни тестирања од ТИМСС. Учебната 2022/2023 година во нашето училиште се изврши тестирање на учениците од 4а и 4в по предметите математика и природни науки.Тестирањето беше извршено на ниво на држава, а резултатите од ова тестирање со опсежен извештај ќе бидат објавени во декември 2024 година. Во учебната 2023 /2024 година беа извршени тестирања на уценците од 5 одделение и тоа 5а и 5в одделение по предметите природни науки и математика. Исто така, во учебната 2023/24 година беа тестирани 30 ученици по случаен избор од 5 одделение по предметите математика и македонски јазик спроведено од Државен испитен центар. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на | Комисијата за упис на првачиња во најголем дел ги идентификува учениците со тешкотии при самиот упис. Учениците со потешкотии исто така се идентификувани и врз основа на доставена медицинска документација при упис |

| | | |
|---|---|---|
| | надарените ученици и на учениците со попреченост | во прво одделение, како и во текот на школувањето. Доколку увиди некакви потешкотии, комисијата за упис на првачиња ги упатува учениците на проценка во МКФ. Најголем дел од наставниците успеваат да ги идентификуваат учениците со потешкотии како и надарените ученици за што говорат и резултатите од спроведените анкети за наставници, родители и ученици. Наставниците континуирано го следат напредокот на учениците со потешкотии во учењето и им даваат соодветни насоки како да го совладаат предвидениот материјал. Подлабоки анализи се прават на класификационите периоди, при што се донесуваат предлог мерки за подобрување на постигнувањата на учениците.<br>Во училиштето се реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференциран пристап. Од спроведената анкета на наставниците може да се заклучи дека идентификувањето на ученици со тешкотии во учењето и идентификување на надарени ученици е на високо ниво од страна на нашето училиште. Најголем број од наставниците обезбедуваат поддршка на учениците со потешкотии во учењето, а учениците со посебни образовни потреби без исклучок работат според ИОП или модифицирана програма. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите се информираат преку индивидуални термини за средба, приемен ден (еднаш во месецот), евидентни листови и родителски средби. Од анкетираните 52 наставници дури 94.5% се изјасниле дека голем број на родители разговараат и се известени за постигањата на своето дете.Од анкетирани 176 ученици, 86.88% се изјасниле дека нивните родители разговараат и се известени за напредокот на свотото дете. Од анкетирани 167 родители, 83,01%се изјасниле дека разговараат, добиваат совети и се известени за постигањата успехот на своето дете,86.20% се изјасниле дека разговараат, добиваат совети и се известени за подобрувањето на однесувањето на своето дете. |

| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -е-дневник<br><br>-анализа на поведението, редовноста и успехот на учениците<br><br>-интервју со психолог и педагог<br><br>-записници од извршени советувања на родители/старатели и ученици<br><br>-распоред и списоци за дополнителна и додатна настава<br><br>-обрасци за дополнителна и додатна настава заверени кај секретарот | Редовност во наставата | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано и неоправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедува зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите, локална самоуправа, граѓанските организации и Центар за социјални работи за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, вршени се посети на домот од страна на одделенски раководители и стручни соработници, испраќани се покани до родителите/ старателите кои се повикани на советување и доставени се извештаи до ДПИ за нередовно посетување на наставата и овие мерки кај најголем број ученици дадоа резултати. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е помал од два по ученик. Училиштето реализира советувања на родителите по основ нередовно посетување на наставата и води уредна документација за истото. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Во учебната 2022/2023год. извршени се советувања со родители/старатели и ученици по неколку основи и тоа:<br>Советувања со родители/старатели: 6 родители поради намален успех во учењето, 9 родители по основ нередовно посетување настава и 4 родители по основ несоодветно однесување во училиштето<br>Од вкупниот број на родители повикани на советување 3 не се појавиле на истото и по третата покана, за која е известен Центарот за социјални работи.<br>Советувања со ученици: 4 ученици по основ намален успех во учењето, 5 ученици по основ нередовно посетување настава и 4 советувања по основ несоодветно однесување во училиштето<br>Од извршените советувања по сите три основи има подобрување во однос на сите три аспекти.<br>Во учебната 2023/2024 год. извршени се советувања со родители/старатели и ученици по неколку основи и тоа:<br>Советувања со родители/старатели: 5 советувања поради намален успех во учењето, 3 советувања по основ нередовно посетување настава и 2 повикани родители по основ несоодветно однесување во училиштето<br>Од вкупниот број на родители повикани на советување 1 не се појавил на истото и по третата покана, за која е известен Центарот за социјални работи.<br>Советувања со ученици: 5 советувања по основ намален успех, 2 ученици по основ нередовно посетување настава и 1 ученик несоодветно однесување во училиштето<br>Од добиените податоци од стручната служба и од направената анкета која прикажува дека од анкетирани 167 родители 47,90%, целосно се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивните деца и од и 176 ученици 48,30 целосно се согласуваат дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех може да се заклучи советувањето на родители/старатели и ученици позитивно влијае на учениците. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во учебните 2022/23 година и 2023/2024 година во училиштето најголемиот број наставници користеа различни методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците како во редовната така и во дополнителна настава.. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава (секој наставник има предадено ИОП кај дефектологот). Училиштето има изготвен распоред за дополнителна настава истакнат на огласна табла и на веб-сајтот на училиштето.<br>Резултатите од анкетите за наставници покажуваат дека сите наставници се изјасниле дека на родителите им даваат јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.<br>Најголемиот број родители/старатели се согласуваат дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна и додадтна настава доколку има потреба.<br>Од анкетираните 176 ученици по случаен избор, 74,43 % се согласуваат дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците им нудат додатни часови додека пак 20,46% не се согласуваат и 5,11% немаат информација.<br>* Бидејки 25,57 проценти одат во негатива, направена е дополнителна фокус група со учениците од одделенска и предметна настава.<br>Од добиените резултати може да заклучиме дека интересот на учениците за додатна настава е многу мал. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Континуирано се следат постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди. Наставниците како и педагошкиот тим во училиштето ги идентификуваат и даваат поддршка на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици како и на учениците со посебни образовни потреби.
Се известуваат родителите/старателите за постигањата на учениците и се реализираат советувања на родители/старатели и ученици, соодветно според потребите. Училиштето ја следи редовноста во наставата и се стреми за подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава.

**Силни страни**

- Наставниците постојано ги поттикнуваат учениците на подобрување на нивниот успех.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите/старателите за напредокот на нивните деца.
- Идентификувањето на ученици со тешкотии во учењето и идентификување на надарени ученици е на високо ниво од страна на нашето училиште.
- Реализираните советувања на родители/старатели и ученици доведоа до подобрување на успехот, редовноста и поведениео кај најголем дел од учениците.

**Слаби страни**

- Недоволна афирмација на часовите за додатна настава кај учениците.

**Приоритети**

- Да се подобри системот за реализација на додатна настава.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски поднос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -социјални мрежи, медиуми, веб страна на училиштето<br><br>-извештаи од реализирани натпревари од различни наставни предмети<br><br>-е- дневник<br><br>-анкети од родители/старатели, наставници и ученици<br><br>-кодекс на однесување<br><br>-правилник за педагошки мерки<br><br>-куќен ред на училиштето<br><br>-статут на училиштето<br><br>-годишен извештај на училиштето<br><br>-анализа за поведението на учениците<br><br>-решенија за тим за подршка<br><br>-записници од одделенски и наставички совет<br><br>-програма за работа на ученички парламент | Углед/имиџ на училиштето | Нашето училиште редовно ги афирмира сите воннаставни активности кои се реализираат, преку социјалните мрежи ( фејсбук, инстаграм, веб страната на училиштето). Сите овие активности успешно се спроведуваат во соработка и поддршка со нашата локална самоуправа.<br>Во рамки на наставните предмети, а во соработка со здруженија од истата област, нашите ученици земаат учество во општински, регионални, државни, па дури и меѓународни натпревари на кои бележат значајни успеси, за кои добиваат признанија, пофалници, награди. Сите воннаставни активности и реализирани натпревари редовно се заведуваат во електронски дневник на секоја паралелка.<br>Според анализата на анкетита за родители на тврдењето „Моето дете сака да оди на училиште“, позитивно се изјасниле 97 % од испитаниците, а само 3% се изјасниле негативно.<br>Од анкетата за наставници, на тврдењето „За време на часовите има добра работна атмосфера“, 99% се изјасниле позитивно, 1% негативно.<br>На тврдењето „Добро соработувам со колегите во училиштето“, 96% се изјасниле позитивно, и 4% негативно.<br>Од анкетите може да заклучиме дека позитивната атмосфера во училиштето позитивно влијае врз сите индивидуи а професионалната соработка е на високо ниво. |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има изготвен нов Кодекс на однесување (30.01.2024),каде се поставени и опишани принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за живот во училиштето, а неговото усвојување се спроведе низ транспарентна процедура и е достапен до сите субјекти во училиштето. Соодветно на постојниот кодекс на училиштето има изготвен правилник за изрекување педагошки мерки.<br>Од анкетите констатираме дека поголем процент родители се запознаени со кодексот на однесување незначително мал дел сметаат дека нивната вклученост во идното ажурирање на содржината треба да биде поголема ,а незначителен број родители не знаат дека постои ажурирање на кодексот.<br>Во изработка и ажурирање на училишниот кодекс учествуваат поголем број наставници а незначително мал број одговориле дека не се согласуваат со истото. |
| | Училишна клима | Професионалната соработка меѓу вработените е на високо ниво. Голем дел од наставниците сметаат дека помеѓу нив владеат добри односи и дека за време на наставата, одморите и воннаставните активности постои ред, дисциплина и |

| | | |
|---|---|---|
| -записници од состаноци на УП<br><br>-водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта<br><br>-решение за избор на ученик првобранител<br><br>-критериуми и процедури за избор на ученик на генерација | | успешно решавање на евентуални проблеми. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во креирањето и одржувањето на мотивирачка атмосфера во училиштето, при нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Од страна на вработените, учениците постојано се насочувани да се грижат за училиштето, едни за други и без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото да се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Како резултат на тековната соработка со надлежните служби се организираат предавања и работилници на теми од безбедноста и врсничкото насилство. Работната атмосфера и добрата соработка која се заснова на заемна доверба и почит меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени овозможуваат позитивна клима во училиштето.<br>При анализа на резултатите од анкетите најголем број од наставниците се согласуват дека атмосферата во училиштето е позитивна. Учениците според своите одговори целосно или се согласуваат и даваат позитивни мислења дека се прифатени од наставниците, сакаат да одат на училиште. Според родителите нивното дете во училиштето е одлично прифатено како од наставниците така и од соучениците и истто не е декриминирано. Незначително мал број не се согласуваат или не знаат. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Работата на училиштето се базира на одредени правила, прописи, норми и законитости. На истиот принцип се спроведува куќниот ред на училиштето и кодексот на однесување. Тие се почитуваат од сите структури на највискоко ниво. Постои позитивна работна атмосфера за време на наставата и при реализација на разни други вонnаставни активности. Грижата на вработените за однесувањето на учениците за време на наставата, прием и испраќање на учениците е на максимално ниво. Во однос на непочитување и прекршување на овие правилници училиштето применува педагошки мерки.<br>Според извештаите за поведението на учениците, во учебната 2022/23 кај 3 ученика нема оценки за поведение поради непосетување на настава, а сите останати ученици се со примерно поведение. Во однос на изречени педагошки мерки во тек на оваа учебна година изречени се 2 усни опомени,6 писмени опомени и 2 укора на вкупно 8 ученици. Кај сите ученици педагошките мерки се повлечени поради подобрување на однесувањето.<br>Во однос на учебната 2023/24 кај еден ученик нема оценка за поведение заради непосетување на настава, а изречени се вкупно 11 педагошки мерки од кои: кај 8 ученици се изречени педагошка мерка- усна опомена, кај 2 ученика е изречена педагошка мерка-писмена опомена и кај 1 ученик е изречена педагошка мерка-укор.<br>Во целост поведението задоволува на ниво на училиште но секогаш постои можност за позитивно влијание врз учениците и нивно подобрување во однесувањето. Заради тоа во училиштето постои тим за поддршка кој постојано работи со ваквите ученици во насока на надминување на проблемите поради кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | се изречени мерките.<br>Од анализата на анкетите најголем број од наставниците го искажале својот позитивен став дека во училиштето се почитува кодексот и куќниот ред, а незначително мал дел не се изјасниле или не се согласуваат. Позитивен став имаат и учениците кои сметаат дека се почитуваат правилата кои се заеднички донесени, а незначително мал дел не се изјасниле. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Од програмата на Ученички парламент може да заклучиме дека парламентот работи демократски, рамноправно во однос на полова и национална припадност. Истото се потврдува од анализата на записниците од одржаните состаноци на УП. Учениците имаат иницијатива и поддршка од наставниците во реализирање на нивните идеи и барања. Учениците- членови на Училишен одбор, избрани се на демократски начин и редовно присуствуваат на состаноците. Дел од членовите на Комисијата за избор на Ученички правобранител се од редот на ученици- членови на УП. Сите активности и одлуки се донесуваат во согласност со Водичот за ученичко учество и организирање.<br>Според анализата на анкетите поголем дел од учениците позитивно се изјасниле дека наставниците ги разбираат нивните потреби. Во одделенијата има заеднички правила и истите се почитуваат, а училишната заедница е целосно активна. Дисциплината во училиштето според родителите е на високо ниво, а учениците се мотивирани за донесување одлуки од нивен интерес. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| -анкети за ученици, наставници и родители/старатели<br>-е- дневник<br>-извештај од реализираните активности по повод ,, Детска недела " и ,, Недела на детето"<br>-интервју со стручен соработник/психолог, педагог<br>-годишна програма за работа на Детската организација<br>-извештај од ученик првобранител<br>-годишен извештај од работата на училиштето<br>-записници од состаноци на Совет на родители<br>-веб страна на училиштето, фејсбук и инстаграм<br>-записници од Училишен одбор<br>-информатор на училиштето | Познавање и почитување на правата на децата | За време на одделенските часови, часовите по општество и историја, преку разни трибини, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница, учениците добиваат информации за своите права и обврски. Исто така на одделенските часови, наставниците ги промовираат правата на децата. Секоја учебна година ги запознаваат со Конвенција за правата на децата. Во училиштето по повод ,,Детска недела'' се организираат активности, работилници и предавања на кои учениците добиваат информации за нивните права. Ги презентираат знаењата со учество на ликовни, литературни творби и проектни задачи. Наставниците им даваат можност на учениците за слободно размислување.<br>Од анализа на акнетите се забележува дека поголем дел од родителите биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето. Тоа е постигнато со присуство на редовните родителски средби на кои се дискутира за правата и обврските на децата. Незначително мал број родиели не се согласуваат но и незначително мал број родители не се изјасниле по ова прашање. Најголем дел од учениците знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на правата. Училишните проблеми во училиштето се решаваат преку добро воспоставена соработка меѓу учениците, одделенските раководители, наставниците и стручните соработници.Учениците во училиштето добиваат подршка и помош од педагог или психолог при решавање на некој проблем. Незначително мал дел дека не се согласуват или дека немаат информација.Стручната служба ги поттикнува учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.Наставниците им ги укажуваат на учениците различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето промовира правичен и еднаков третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности. Во секоја училница има истакнато Кодекс на однесување кој во најголем дел, се почитува. Училиштето се грижи учениците да се запознаат со „Правата и заштитата на децата“ и истите да се почитуваат. Потребно е прилагодување на пристапот во училиштето на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Наставниците ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите ученици без разлика на нивната родова, етничка и верска припадност. Наставниците создаваат пријатна атмосфера на часот, ги насочуваат на дружба, на меѓусебно помагање и почитување, го почитуваат мислењето на учениците. Учениците према своите афинитети, желби и потреби се вклучуваат во дополнителни училишни активности.<br>Од анализа на анкетите може да се заклучи дека најголем број од учениците се почитувани и прифатени од наставниците, а според родителите учат под исти услови . |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -годишен извештај од работата на училиштето<br><br>-записници од состаноци на Совет на родители<br><br>-веб страна на училиштето, фејсбук и инстаграм<br><br>-записници од Училишен одбор<br><br>-информатор на училиштето<br>-годишна програма<br><br>-статут на училиштето<br><br>-фејсбук страна на општината<br><br>-анкети за ученици, наставници и родители/старатели | Соработка на училиштето со родителите /старателите | Соработката на училиштето со родителите е континуирана, транспарентна и јасна. Родителите се вклучени во донесување на одлуки како претставници во Училишен одбор и Совет на родители. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: индивидуални средби, отворен ден, групни родителски средби, активности и слично. Родителите се вклучени во реализација на слободните ученички активности и обезбедување на услови за екскурзии, натпревари и хуманитарни акции. Родителите се вклучуваат и во воннаставните активности, во улога на едукатори од својата професија. Родителите заедно со наставниците за учениците организираат посета на работното место на родителот, посета на културни институции (музеј, театар) посета на спортски натпревари, заеднички излет за јакнење на социјалната компонента кај учениците. Советот на родители еднаш месечно, а по потреба и повеќе одржува состаноци на кои се запознаваат со целите и задачите за работа, активностите кои ги планира училиштето и дава идеи и предлози за одредени прашања за унапредување на воспитно - образовната работа.<br>Голем број од активностите што се реализираат и се објавени на веб страната, фејсбук и инстаграм од што може да се заклучи дека училиштето има континуирано добра соработка со родителите.<br>Од анализираните анкети и податоци може да заклучиме дека 76% од родителите сметаат дека мислењето и ставовите на родителите за унапредување на воспитно-образовниот процес се прифаќаат, 67% од наставниците се согласуваат дека ги запознаваат родителите со правата и обврските на децата и 98% од наставниците се изјасниле дека ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно - образовниот процес. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Нашето училиште со години наназад е препознатливо во својата општина а и пошироко за квалитетот на образованието што го нуди. Треба да ја истакнеме големата поддршка што ја имаме од Општината и Секторот за образование за реализација на одредени проекти и активности поврзани со мултиетничко образование на младите. Училиштето ги подобрува материјално техничките услови за работа, ги опремува училниците со потребната опрема и нагледни средства. Наставниците во училиштето ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите родители, а за тоа сведочи големиот процент на вклученост на родителите во реализација на активности.<br>Од анализираните анкети и податоци може да се каже дека наставниците во целост ги поттикнуваат родителите да се вклучат во училишни активности ,а соработката со Општината и заедницата според наставниците е на доста високо ниво. |

| Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -програма за проектот,,-Ненасилно однесување во училиште”<br><br>-полугодишни и годишни извештаи<br><br>-протокол за ненасилство<br><br>-анкети со ученици, со родители и наставен кадар<br><br>-разговор со стручна служба<br><br>-кодекс на однесување<br><br>-куќен ред на училиштето<br><br>-договор за набавка на угостителски услуги-топол оброк и ужинка за учениците од ООУ’’ Ацо Шопов’’,Скопје. 03-841/1 од 2022 год ,03-626/1 од 2023 год<br><br>-одлука за избор на најповолен понудувач 01-521/2 | Превенција и заштита од насилство | Од програмата за проектот,,Ненасилно однесување во училиште”може да заклучи дека училиштето води грижа за обезбедување безбедна животна средина за учење и творење. Во рамките на реализацијата на часовите на одделенска заедница, одделенските наставници ги опфаќаат содржините за разрешување на конфликти и едукација за ненасилно однесување. Активностите се реализираат со искажување на критичко размислување за ненасилство преку лични творби (поезија.проза и сликовито претставување) поттикнување ненасилно однесување и негување позитивни вредности.<br>Истото се потврдува од полугодишните и годишните извештаи. Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите форми на насилство и начини на постапување. Протоколот е достапен на сите (наставници,ученици и родители ) Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води грижа за појавените форми на насилство и постапува според протоколот. Во училиштето во училишниот хол е поставена кутија за анонимно пријавување на насилство.<br>Од спроведената анкета за ученици, може да се види дека најголем број од учениците (90%) знаат каде да се обратат кога имаат потреба од помош, (93%) ја знаат постапката за пријава на врсничко насилство и велат дека училиштето работи на решавање на конфликти и спречување насилство.<br>Поголем број од родителите -71 % се запознати со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство сметаат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција од насилство, 63 % од родителите се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство, а 66 % од родителите велат дека училиштето ефикасно се справува при појава на насилство – насилно однесување меѓу учениците.<br>Според 92% од наставниците во училиштето се спроведуваат активности за превенција од насилство, а 90 % тврдат дека во училиштето се работи со сите ученици кои се и не се учесници во врсничко насилство. |
| - извештаи од инспекциски надзор<br><br>-работилница за здрава храна<br><br>-увид во училишниот простор<br><br>-годишна програма за работа на училиштето | Заштита од пушење, алкохол и дрога | Во училишната зграда на видни места има истакнато знаци за забрана за пушење, но не и за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства но потребно е зголемување на истите.<br>Од анализа на анкетите може да се заклучи дека поголем дел од учениците 58%, учествуваат и знаат како да се заштитат од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства; 59% од родителите се согласуваат со тврдењето дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога. Поголем дел од родителите го доживуваат училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| -записници од санитарна инспекција<br><br>-известување и извештај за систематски прегледи на сите вработени во училиштето<br><br>-известување и извештај за вакцинација на учениците<br><br>-известување за стоматолошки преглед на ученици<br><br>-извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br><br>-записници од наставнички совети;<br><br>-програмата за работа на подмладокот на Црвен крст<br><br>-план за заштита и спасување<br><br>-програма за работа на директорот<br><br>-програми за работа на стручната служба<br><br>-записници (евидентни листи) од индивидуалните разговори со учениците и со родителите<br><br>-увид во педагошката евиденција<br><br>-увид во просторните капацитети и увид на час | | како безбедна средина во која се преземаат мерки за заштита од пушење, алкохол и дрога, но и мал број немаат информација не знаат или не се согласуваат со истото.<br>73% од наставниците учествувале во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето во договор со родителите односно старателите,за учениците организира најмалку еден оброк во текот на престојот во училиштето, а за учениците од дневен престој е организиран и топол оброк. Училиштето се грижи за квалитетот на храната која што им е понудена на учениците . Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.Редовните контроли обезбедуваат сигурност и гаранција дека храната која што им е понудена на учениците е квалитетна и разновидна. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции. Досега не е забележана појава на труење со храна. |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето задоволува. Тоалетите за учениците и наставниците се чистат и дезинфицираат на секои два часа на дневно ниво, но и секој петок се прави неделно генерално чистење. За чистењето се употребуваат квалитетни средства кои се безбедни за средина каде престојуваат деца. Во секоја училница има корпа за отпадоци.<br>Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, а подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот). Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат два пати во секое полугодие-задолжително на секој распуст, но и покрај тоа се врши редовно чистење секој месец. Дворот од училиштето е чист од секаков вид отпадоци, има корпи, а земјените површини се позеленети и редовно се оддржуваат. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.<br>Во текот на целата година се оддржуваат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња и друг отпаден материјал што се рециклира. Во соработка со здравствените домови се одржуваат предавања за превенција од заразни болести или епидемии. Секоја година учениците редовно се носат на систематски прегледи и се вакцинираат согласно календарот на Министерството за здравство. Наставниците редовно ги советуваат учениците за правилно одржување на личната хигиена, Училиштето има политика за правилно постапување при појава на заразни болести. Во тој случај хигиената се води на највисоко ниво и се води редовна евиденција за отсуствата на учениците. Наставниците постапуваат согласно медицинските препораки ( пр. доколку е препораката да не вежбаат на часовите по физичко воспитување се постапува по неа). Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош.<br>Во врска со хигиената во училишната средина, поголем број на родители -68% сметаат дека хигиената е на високо ниво, а исто така и учениците – 71% се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно. |

| | | |
|---|---|---|
| -податоци за организирана исхрана на учениците<br><br>-програма за работа на тимот за инклузија и акционен план<br><br>-годишна програма за работа на наставниците<br><br>- педагошка евиденција / дневник на паралелка-забелешка за ученик<br><br>-комисија за преглед и уништување на медицински белешки<br><br>-закон за основно образование<br><br>-досие на ученик од психолошко педагошката служба<br><br>-евиденција и известувања од училиштето за учениците со емоционални, физички и социјални проблеми<br><br>- записници од стручна служба од спроведени индивидуални разговори со родители, ученици и наставници<br><br>-извештаи од спроведени работилници<br><br>-прикачена содржина на социјалните мрежи | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Како дел од годишната програма за работа во училиштето е програмата за работа на подмладокот на Црвен крст во училиштето. Програмата на ПЦК опфаќа вежби за евакуација во случај на елементарни непогоди и опасности кои се реализираат со учениците во целото училиште.<br>Во учебната 2023/2024 година во соработка со Црвен крст беше спроведена „Освежителна обука“ на наставниците за укажување на прва помош со цел безбедна средина за учениците. Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училиштето има поставено план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место.<br>Од спроведената анкета со учениците, може да се истакне нивното тврдење: Учениците – 89,7% во целост се согласуваат дека во училиште се чувствуваат сигурно и безбедно. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Во нашето училиштето секоја година се евидентираат ученици од социјално загрозени семејства. Во случај на социјални материјални потреби кај семејствата, училиштето им обезбедува поддршка и помош преку спроведување на хуманитарни акции (собирање на парични сретства, организирање хуманитарен концерт, собирни акции на храна) организирани од подмаладокот на Црвениот крст во нашето училиште, обезбедување на надворешна финансиска помош преку општината која секогаш учествува во помагање на социјално загрозените семејства (самохрани родители) на ученици со плаќање на ужинка и топол оброк, доделува пакетчиња за Нова Година, пакети со храна, бесплатни униформи за сите ученици-во тек, акции организирани преку советот на родители, Министерството за образование и наука, невладини организации и деловната заедница. Наставниот кадар секогаш води грижа за учениците од ранливите категории за да бидат вклучени во училишните активности. За таа цел наставниците соработуваат меѓусебно со родителите, стручните соработници и со релевантните институции.<br>Од анализа на спроведената анкета, 99, 8% наставници тврдат дека ги вклучуваат учениците од ранливите категории во училишните активности според нивните способности, желби и афинитети и со тоа водат грижа оваа категорија на ученици да се почуствуваат прифатени без разлика на нивната социјална состојба. |
| | Грижа за учениците со здраствени проблеми | Во училиштето редовно се извршуваат обуки на нововработени наставници за давање прва помош на ученици при несреќни случаи, а за таа цел училиштето располага со пакет средства за прва помош.<br>За учениците кои се соочуваат со здравствени проблеми одделенските раководители се грижат во насока на информирање на пропуштениот наставниот материјал, испраќаат материјали и содржини за учење. Учениците кои поради заболување или посериозни повреди подолго отсуствувале од наставата имаат можност за надополнување на изгубените наставни содржини во договор со соодветниот наставник и одделенскиот раководител преку организирање на дополнителна настава или давање индивидуална помош, како и засилено следење на напредокот на ученикот. Одделенските раководители постојано ја следат состојбата на идентификуваните ученици, нивниот развој и опоравување. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учениците со здравствени проблеми се откриваат на: редовните систематски прегледи од страна на медицински лица од Здравствена установа; со доставена медицинска белешка од матичен лекар; преку часовите по физичко и здравствено образование од страна на наставниците; на редовните часови од страна на наставниците. Известувањето се дава до родителите, одделенските раководители, предметните наставници.<br>Секоја учебна година се вршат редовни систематски прегледи и имунизација на учениците и стоматолошки прегледи. Истото го извршуваат стручни лица од соодветна здравствена установа. Покрај редовното одржување на систематски прегледи и вакцинација, во училиштето се организираат голем број проекти. Притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, Центарот за јавно здравје, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, здравствени установи, Центар за социјална работа). Училиштето редовно одржува предавања (од педагогот и стручни лица) и интерактивни часови со учениците заразни болести и нивна превенција (грип, Ковид, ХИВ и ХПВ) како и преку програмата за Животни вештини, учениците се запознаваат со заразните болести, нивни симптоми и превенција.<br>Од 52 наставници 88% наставници тврдат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | При запишување на учениците во прво одделение се врши опсервација на подготвеноста и зрелоста на ученикот за поаѓање во училиште. Во соработка со наставниците, психологот и педагогот ги следат учениците во текот на целата учебна година и работат на социоемоционалната добросостојба на учениците преку превенција, одржување и спречување на влошување на оваа добросостојба. Во училиштето редовно се работи со децата кои се од семејства со нарушени односи, деца со намалена самодоверба, деца со емоционални проблеми, социјализација, разрешување на конфликти како и децата со пречки во развојот и потешкотии во учењето. Стручната служба е професионално подготвена да ги препознае учениците со потешкотии како и да им помогне и да ги упати до релевантните инсттуции (ЦСР, МКФ, Здравствени установи, МВР). Во училиштето се работи индивидуално со овие ученици, како и во групи или со цело одделение, преку спроведување на разговори, советувања и работилници. Нашето училиште е дел од eTwinning проектот 'With Awareness Enhance Resilience' кој спроведува активности во насока на подобрување на добросостојбата на учениците.<br>Според резултатите од анкетата, 91% од 167 родители тврдат дека училиштето се грижи за добросостојбата на учениците; 71% се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците; 85% од анкетираните родители тврдат дека може слободно да бараат совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето изготвува програма за професионална ориентација и презема активности за професионална ориентација. Веднаш по објавување на конкурсот за запишување во средните училишта, истиот се истакнува на пано за навремено информирање за критериумите за упис и роковите за запишување. Училиштето во соработка со средните училишта организира посети во училиштето каде средните училишта прават презентација и ги запознаваат учениците со местоположбата на училиштето и со можностите кои ги нудат, како и со занимањата и струките кои ги располагаат.<br>Реализирани се работилници, тестирања за интелигенција, интереси и способности како и индивидуални разговори со учениците од 9 то одделение во кои што стручниот соработник ги поттикнува учениците да размислуваат и рефлектираат во однос на тоа кои информации што ги дознале се релевантни за нив, за нивните интереси и цели во однос на изборот на средно училиште и идната професија. На крајот на овој процес се изготвува извештај за секој ученик посебно со добиените резултати, извештај им го олеснува изборот на средно училиште.<br>71 % од родителите се задоволни со тоа дека од училиштето добиваат информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Надвор но и во општината училиштето е препознатливо по својота работа и углед. За тоа говори самата позитивна работна атмосфера која влијае врз сите индивидуи, а професионалната соработка меѓу сите субјекти е на високо ниво. Вonнаставни активности и реализирани натпревари дополнително го зголемуваат угледот во кој ужива нашето училиште. Во изработка на училишниот кодекс учествуваат поголем број наставници а истиот оваа година се ажурира. Поголем процент родители се запознаени со кодексот на однесување незначително мал дел сметаат дека нивната вклученост во идното ажурирање на содржината треба да биде поголема, а незначителен број родители не знаат дека постои ажурирање на кодексот. Учениците според своите одговори целосно се согласуваат и даваат позитивни мислења дека се прифатени од наставниците, сакаат да одат на училиште. Според родителите нивното дете во училиштето е одлично прифатено како од наставниците така и од соучениците и истто не е декриминирано. Куќниот ред се почитува и од учениците и од вработените на највискоко ниво. Во целост однеувањето на учениците, нивното поведение задоволува на ниво на училиште но секогаш постои можност за позитивно влијание врз учениците и нивно подобрување во однесувањето. Заради тоа во училиштето постои тим за поддршка кој постојано работи со ваквите ученици во насока на надминување на проблемите поради кои се изречени педагошки мерки. Училишниот парламнт работи демократски, рамноправно во однос на полова и национална припадност. Поголем дел од учениците позитивно се изјасниле дека наставниците ги разбираат нивните потреби. Во одделенијата има заеднички правила и истите се почитуваат, а училишната заедница е целосно активна. Дисциплината во училиштето според родителите е на високо ниво, а учениците се мотивирани за донесување одлуки од нивен интерес. Најголем дел од учениците ги знаат своите права, знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на правата. Сите активности и одлуки се донесуваат во согласност со Водичот за ученичко учество и организирање. Учениците имаат иницијатива и поддршка од наставниците во реализирање на нивните идеи и барања. Училишните проблеми во училиштето се решаваат преку добро воспоставена соработка меѓу учениците, одделенските раководители, наставниците и стручните соработници. За време на одделенските часови, часовите по општество и историја, преку разни трибини, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница, учениците добиваат информација за своите права и обврски. Поголем дел од родителите биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето. Тоа е постигнато со присуство на редовните родителски средби на кои се дискутира за правата и обврските на децата. Незначително мал број родители не се согласуваат но и незначително мал број родители не се изјасниле. Учениците во училиштето добиваат подршка и помош од педагог или психолог при решавање на некој проблем. Незначително мал дел дека не се согласуват за истото или немаат информација. Стручната служба ги поттикнува учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето промовира правичен и еднаков третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Учениците се почитувани и прифатени од наставниците, а според родителите учат под исти услови .<br>Незначително мал број родители сметаат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман, а и незначително мал број се изјасниле дека немаат информација. Соработката на училиштето со родителите е континуирана, транспарентна и јасна. Родителите се вклучени во работата на училиштето за донесување на одлуки. Голем број од активностите што се реализираат и се представени на веб страната, фејсбук и инстаграм од што може да се заклучи дека училиштето има континуирано добра соработка со родителите. Мислењето и ставовите на родителите за унапредување на воспитно- образовниот процес се прифаќаат од страна на наставниците. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница, преку спроведување заеднички |

проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата а родителите се поттикнуваат да се вклучат во училишни активности. Училиштето води грижа за обезбедување безбедна животна средина за учење и творење. Во училиштето во училишниот хол е поставена кутија за анонимно пријавување на насилство. Најголем број од учениците знаат каде да се обратат кога имаат потреба од помош, ја знаат постапката за пријава на врсничко насилство а училиштето работи на решавање на конфликти и спречување насилство. Незначително мал број ученици се изјасниле негативно или немаат информација за истото. Родителите сметаат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција од насилство, запознаени се со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство ,а незначителен број или мал број одговориле негативно или биле воздржани. Поголем дел од учениците знаат како да се заштитат од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, а мал број одговориле дека не се согласуваат или немаат информации. Поголем дел од родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина во која се преземаат мерки за заштита од пушење, алкохол и дрога но и мал број немаат информација не знаат или не се согласуваат со истото. Незначително мал број наставници учествуваат во активности за заштита од пушење, алкохол и од дрога, мал дел се согласуваат дека учествувале а незначително мал број воопшто не се согласуваат или немаат информација за истото. Училиштето во договор со родителите односно старателите за учениците организира најмалку еден оброк во текот на престојот во училиштето, а за учениците од дневен престој е организиран топол оброк. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции. Досега не е забележана појава на труење со храна а се спроведуваат и работилници за здрава храна. Хигиената во училиштето задоволува. Поголем број родители сметаат дека хигиената е на високо ниво а незначително мал број не се согласуваат или немаат одговор. Поголем број од учениците се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно а незначително мал број не се согласуваат или немаат одговор. Наставниците редовно ги советуваат учениците за правилно одржување на личната хигиена. Училиштето има политика за правилно постапување при појава на заразни болести. Во тој случај хигиената се води на највисоко ниво и се води редовна евиденција за отсуствата на учениците. Во учебната 2023/2024 година во соработка со Црвен крст беше спроведена освежителна обука на наставниците за укажување на прва помош со цел безбедна средина за учениците. Во училиштето редовно се реализираат вежби за евакуација во случај на елементарни непогоди и опасности. Најголем број од учениците во целос се согласуваат дека во училиште се чувствуваат безбедно. Во училиштето секоја година се евидентираат ученици од социјално загрозени семејства. Во случај на социјални материјални потреби кај семејствата,училиштето им обезбедува поддршка и помош преку спроведување на хуманитарни акции а се обезбедува и надворешна финансиска помош преку општината. Наставниот кадар секогаш води грижа за учениците од ранливите категории за да бидат вклучени во училишните активности. Редовно се извршуваат обуки на наставници за давање прва помош на ученици при несреќни случаи а училиштето располага со пакет средства за прва помош. За учениците кои се соочуваат со здравствени проблеми или подолго време отсуствуваат од настава се води грижа за надополнување на наставниот материјал.

Работата на училиштето се базира на одредени правила, прописи, норми и законитости. При запишување на учениците во прво одделение се врши опсервација на подготвеноста и зрелоста на ученикот за поаѓање во училиште. Стручната служба е професионално подготвена да ги препознае учениците со потешкотии како и да им помогне и да ги упати до релевантните инсттуции. Нашето училиште е дел од eTwinning проектот 'With Awareness Enhance Resilience' кој спроведува активности во насока на подобрување на добросостојбата на учениците. Училиштето изготвува програма за професионална ориентација на учениците и презема активности за професионална ориентација –потребно е поголема афирмација кај родителите за истата.

**Силни страни**

- Училиштето активно работи на промоција  преку веб страна на која се објавуваат тековни информации за сите  тековни настани и активности како и на фејсбук профилот на училиштето ,а дел од информациите се споделуваат и фејсбук профилот на општината а активно работи и медиумскиот клуб.
- Во училиштето се реализираат различни видови воннаставни активности, се посетуваат разни институции и установи (преку 43 активности за 2023/2024 год), а се реализираат и активности во кои учениците може дополнително да ги истакнат своите вештини и способности (талент шоу).
- Училиштето учествува на натпревари од различни области  на кои се постигнуваат одлични резултати како на регионални, на општински така и на државни натпревари за кои и учениците и менторите се наградувани.
- Во училиштето постои куќен ред кој е истакнат на видно место  и истиот во голема мера се почитува од родителите вработените и учениците ,висок е процентот на ученици со примерно поведение ,а постигнувањата на учениците се поставени на видно место.
- Мислењета и ставовите на родителите за унапредување на воспитно- образовниот процес се прифаќаат.Родителите активно учествуваат со свои предлози преку Советот на родители како и преку вклучување во процесите на изработка на Куќниот ред, кодексот на однесување и сл.
- Училиштето е во постојана соработка  со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво како и активности кои ги организира државата.
- Секоја година училиштето учествува во сите организирани ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина и пошироко.
- Редовно се организираат крводарителски акции вработени и родители навремено се известени и истите бележат глема посетеност како од родителите така и од наставниците кои несебично ја донираат својата “капка крв” на оние на кои им е најпотребна .
- Во училиштето во училишниот хол е поставена кутија за анонимно пријавување на насилство во која секој ученик може да пријави насилство доколку  почувствува потреба за тоа.
- Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците
- Во текот на целата година се оддржуваат еколошки и работни акции.
- Во училиштето редовно се спроведуваат вежби за заштита од земјотрес а учениците се согласуваат дека во училиште се чувствуваат безбедно.

| Слаби страни |
| --- |
| • Пристапот на учениците со телесни пречки во развојот во училиштето е делумно приспособен на нивните потреби.<br>• Училиштето има развиено систем за справување при појава на насилство, сепак родителите/старателите сметаат дека тој систем треба да се подобри.<br>• Недоволна вклученост на учениците во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.<br>• Родителите се недовнолно информирани дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога.<br>• Иако наставниците учествуваат во активности за заштита од пушење, алкохол и од дрога, сепак сите наставници не се вклучени во вакви активности. |
| **Приоритети** |
| • **Поголема вклученост на сите субјекти во воспитно-образовниот процес во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, како и поголема информираност на родителите за превземаните активности.**<br>• **Унапредување на системот за превенција и справување при појава на насилство во училиштето.**<br>• Потребно е доплнително прилагодување на училишниот простор за ученици со пречки во развој. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишна политика** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -програма за работа на Училишниот одбор;<br><br>-деловник за работа на Училишниот одбор<br><br>-статут на училиштето<br>-извештај од самоевалуација<br><br>-Записници, Одлуки, Извештаи од работата на Училишниот одбор<br><br>-интервју со Директор и стручните соработници<br><br>-програма за работа на директорот<br><br>-програма за работа на стручни соработници<br><br>-програма, извештаи и записници на наставник-ментор<br><br>-програма за професионален развој<br><br>-анкета за наставниците, родителите и учениците<br><br>-докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски | Управување со училиштето | Училишниот одбор (УО) на ООУ „Ацо Шопов “е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат според Програмата за работа на УО и со присуство на мнозинство на членови на одборот. Училишниот одбор е орган кој е одговорен за управувањето со училиштето. Неговите улоги и состав се дефинирани со закон. Во училишниот одбор се вклучени претставници на внатрешната заедница на училиштето: директорот, професионалниот образовен кадар (3ца претставници кои се бираат со тајно гласање) и родителите (3ца претставници кои се бираат со Советот на родители); училишните одбори вклучуваат претставници од локалните нивоа на власт (1 претставник) и 2ца претставници од ученичкиот парламент. Во задачата на училишните одбори се опфатени области како: визија за училиштето, избор на клучен персонал, финансиски надзор, следење на квалитетот и оценувањето, на благосостојбата на учениците, како и подобрување на односите со централната и локалната власт. Одборот има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор транспаретно ги објавува сите донесени одлуки, исто така родителите се согласуваат со тврдењето дека се информирани од страна на претставникот од Совет на родители за разулататите кои треба да се постигнат во следниот период. |
| | Раководење со училиштето | Раководниот орган на училиштето е директорот. Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија  што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа. Донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредиблитет и професионален однос кон работата, способност да делигира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените на образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрување на инфраструктурата на училиштето. Раководниот орган го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на  развојниот план, планирање и обезбедување на квалитетен извор на податоци. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Во |

| | | |
|---|---|---|
| листи)<br><br>-докази за вклчученост во регионални и меѓународни образовни мрежи<br><br>-распоред и процедури за користење на просторот и наставните материјали во училиштето<br><br>-активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека<br><br>-пописна листа за библиотечен фонд<br><br>-извештаи од следени часови од директор и стручни соработници | | училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно образовниот кадар, учениците, родителите при донесување одлуки. Директорот одржува високо ниво на комуникација меѓу вработените, родителите и другите чинители во работата на училиштето, со што се овозможува непречен равој на работата и надминување на недостатоците. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Училишната библиотека располага со книжен фонд од 6350 наслови, од кои 2000 се лектирни изданија, а останатите се енциклопедии и стручни изданија и тоа на повеќе јазици (македонски, англиски, германски, италијански, српски, хрватски, турски, влашки). Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер и има пристап до интернет. Библиотечната евиденција за изнајмени и вратени библиотечни материјали се води електронски. Библиотеката работи според однапред утврдена годишна програма за работа на библиотеката.Таа е отворена и достапна за користење на учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работно време на библиотекарот. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства обезбедуваат хартија и друг наставен материјал за успешно спроведување на активностите на учениците. |
| | Раководење со кадарот | Според нормативот на училиштето, училиштето располага со соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случај на краткорочно и долгорочно отсуство. Истото е регулирано со Куќниот ред на училиштето. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите, што може да се види и во Годишната програма на училиштето. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Наставниот кадар и стручните соработници самоиницијативно или во соработка со БРО се вклучуваат во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови, се со цел за поквалитетно пренесување на знаењата на учениците, а тоа го потврдуваат и родителите со своето мислење и задоволство дека наставниот кадар во нашето училиште е квалитетен и компетентен за работа. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Во училиштето се ангажирани и образовни асистенти кои работат со категоризирани ученици обезбедени од МОН. Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето, ги детектираат потребите за лично |

| | | |
|---|---|---|
| | | професионално усовршување изработувајќи лични планови за професионален развој на почетокот на учебната година. Училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој или постигнувааат значителни резултати со учениците. Високиот процент на позитивни одговори во двете анкети, говори за транспарентноста на училиштето во навремено и континуирано информирање на наставниот кадар за нивно перманентно усовршување, како и за тоа дека трудот кој што го вложува наставниот кадар, како и квалитетот и резултатите што ги постигнува, се истакнуваат и пофалуваат од страна на училиштето. Сето тоа мотивира за што поуспешна работа во иднина. Во нашето училиште има наставник со звање ментор кој им помага на наставниците приправници. Директорот навремено определува ментор на наставниците приправници. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници со одобрение од директорот по претходно изготвен распоред за следење на работата на наставниците, континуирано ја следат работата на наставниците и квалитетот на реализација на наставата. Најголем број наставници по најмалку два наставни часа беа посетени од страна на директорот и стручните соработници во текот на едно полугодие. Во текот на следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени формулари или протоколи на кои ги запишуваат и бележат сознанијата од посетениот час. За следење на наставниот час директорот или стручните соработници даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување. Наставникот -ментор има посетено повеќе наставни часови на наставници кои имаат помал работен стаж за давање насоки и поддршка за подобра реализација на наставната програма. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишна политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -годишна програма за работа на училиштето<br><br>-извештај од самоевалуација<br><br>-план за развој на училиштето<br><br>-акциони планови<br><br>-анкети/интервјуа со директор, стручни соработници, наставници родители, ученици | Процедури за креирање на училишна политика | За да може наставниот кадар да реализира што поквалитетна настава, а со тоа и самите ученици да бидат повеќе мотивирани да учат и стекнуваат нови знаења, училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики за меѓуетничка интеграција, за насилството во училиштето и семејството, недискриминација, инклузивност и еколошко образование. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на постигањата на сите ученици. Во тие процедури се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето постојано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени и наставниците – ментори, |

| | | |
|---|---|---|
| -записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет<br><br>-фокус група со родители<br><br>-програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор<br><br>-деловник за работа на училишниот одбор<br><br>-склучени договори, тендерска документација за јавни набавки<br><br>-записници од ревизија и УЈП Буџет и финансиски план на училиштето | | стручните соработници, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето целосно и транспарентно ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите кои треба да се постигнат и нивната динамика на реализација. Наставниците во најголем број се задоволни со информирањето за резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање; Родителите исто така се задоволни од училиштето што ги поттикнува активно да се вклучуваат во различни активности во училиштето; А исто така и учениците во најголем број се согласуваат со тврдењето дека се однапред информирани за активностите кои ги планира училиштето за периодот кој следува. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати на поставените цели. Резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети и на Училишен одбор. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат и постигнуваат доследно, целосно и навремено. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот на училиштето за училишниот буџет транспарентно ги информира вработените, органите и телата во училиштето (родителите и локалната самоуправа). За истиот училиштето има финансиски план и отчет за финансиските средства кој е поставен на web страната на училиштето. Буџетот е тесно поврзан со приоритетите на образовните цели во училиштето како и за приоритетите за подобрување на постигнувањата кај учениците и условите за одржување на самиот воспитно-образовен процес. Училишниот одбор навремено го добива и разгледува планираниот финансиски план, и истиот го одобрува и доставува до основачот. Советот на општината по разгледување го одобрува доставениот финансиски план. Училишниот одбор редовно ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот.<br>Сметководителот на училиштето за финансискиот план и буџетот за 2023 и 2024 година транспарентно ги информира вработените, органите и телата во училиштето (родителите и локалната самоуправа) за двете сметки (буџетска и сметка за сопствени приходи) преку поставување на истите на WEB страната на училиштето. За 2023 год финансискиот план и отчетот за буџетот се поставени на WEB страната. За 2024 година која е тековна поставен е финасискиот план, а отчетот ќе биде поставен по завршување на тековната 2024 година.<br>По направената анкета кај родителите во однос на транспарентноста за тоа како се троши на буџетот поголем број одговориле дека не се запознаени со истата информација. Во однос на ова прашање поради изјаснувањето на родителите дека немаат информација за распределеноста на финансиските средства направена е фокус група со родители на кои им е поставено истото прашање. Родителите со нивното видување се произнесоа дека целиот процес за информирањето за финансискиот план и отчет е транспаретнен и секој родител ја има можноста да се информира навремено и во целост преку web страната на училиштето. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Со училиштето управува Училишниот одбор. Тој контиунирано во согласност со за законската регулатива и Статутот на училиштето и има соодветен број на членови од пропишаните структури. Училишниот одбор има свој Деловник за работа и годишна програма за работа. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето е Директорот. Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа. Донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредиблитет и професионален однос кон работата, способност да делигира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно

раководи со промените на образовниот систем. Раководниот орган го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развојниот план, планирање и обезбедување на квалитетен извор на податоци. Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на училиштето и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН. Целите се во склад со насоките кои училиштето ги добива од БРО. Со нив се обезбедува квалитетна настава и во нивното креирање учествува наставниот кадар преку тимови. Наставнит кадар е во постојана соработка со раководниот орган и родителите за донесувањето на одлуките. За реализација на истите информирани се вработените, родителите и училишниот одбор. Училиштето е отворено за разновидни иницијативи покренати од: воспитно образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина, а се во склад со законските прописи и сите други видови планирања во училиштето. Училиштето преку својата брошура, информатори и веб страна целосно ги информира сите субјекти (надворешни и внатрешни) за воспитно-образовната работа на училиштето. Соработката со медиумите се остварува со цел презентирање и промовирање на целокупната работа на училиштето како и бројните активности и проекти кои ги превзема.

**Силни страни**

- Работата на училишниот одбор во донесувањето и објавувањето на нивните одлуки е транспарентна за сите чинители во образовниот процес.
- Училиштето ги информира наставниците, родителите и учениците за поставените цели од развојната програма, за динамиката на нивното реализирање и постигнатите резултати.
- Финансискиот план и отчетот на финансиските средства е транспарентен и јавно поставен на web страната на училиштето.
- Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен, за што училиштето оддава признанија за квалитетно работење на наставниците.
- Вработенените во училиштето постојано се усовршуваат со следење на интерни и екстерни обуки, во просек по 3 обуки по наставник годишно.
- Соработката меѓу раководството, воспитно – образовниот кадар, учениците и родителите е на високо ниво.

- Директорот и стручните соработници ја следат работата на наставниците и за истото им даваат стручна повратна информација.
- Училишната библиотека е опремена со лектирни изданија и стручна литература и истата е достапна за сите ученици и наставници.

**Слаби страни**

- Материјалот потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности недоволно ги покрива потребите на наставниот кадар.

**Приоритети**

- **Обезбедување на потребните материјално технички средства со цел подобрување на реализација на наставните и вонннаставните активности.**

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

**Анкета за родители/старатели**

Анонимна анкета беше спроведена со 167, што е над 15% од вкупниот број на родители. Анкетирани беа по 5 родители од секоја паралелка од прво до деветто одделение и тоа родители на ученици со бр.1,5,10,15 и 20 од дневникот.

**Анкета за наставници**

Анонимна анкета беше спроведена со сите 52 наставници.

**Анкета за ученици**

Во училиштето има 816 ученици. Анонимна анкета беше спроведена со 176, што е над 15% од вкупниот број на ученици. Анкетирани беа по 8 ученици од секоја паралелка од четврто до деветто одделение и тоа секој втор ученик од дневникот почнувајќи од бројот 2.

**Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба**

За потребата од дополнителни информации и документација извршени се интервјуа со директорот и стручните соработници и тоа за следните индикатори: 1.1 Планирања на наставниците; 1.2 Наставен процес; 1.3 Искуства на учениците од учењето; 1.5 Воннаставни активности и натпревари; 2.2 Мерки за подобрување на постигањата; 3.2 Еднаквост и правичност; 3.4 Севкупна грижа за учениците; 4.1 Управување и раководење со училиштето и 4.2 Цели и креирање на училишна политика.

| **Резиме (главни наоди) од фокус групи** |
| --- |
| За потребата од добивање на дополнителни информации во индикаторот 4.2. Цели и креирање на училишна политика направена е фокус група со родители поради изјаснувањето на родителите дека  немаат информација за распределеноста на финансиските средства. Родителите со нивното видување се произнесоа дека целиот процес за информирањето за финансискиот план и отчет е транспаретнен и секој родител ја има можноста да се информира навремено и во целост преку web страната на училиштето. |

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

1. Маја Ивановска, педагог
2. Олгица Џоровска, одделенски наставник
3. Ивона Бојчева, одделенски наставник
4. Весна Јакомовска, наставник ментор
5. Гордана Николовска Стојчевска, родител